е-мобилност

Бул.Партизански Одреди 74 / 14 Скопје
info@elektromobilnost.mk
www.elektromobilnost.mk
тел. +389 70 267 622
Централен Регистар на РМ – ЕМБС: 6841864
Трансакциска сметка НЛБ: 210 – 068418640159
Единствен даночен број: 4057013520204

**До**
**Влада на Република Македонија**

**Проф. д-р Кочо Анѓушев**
**Заменик на претседател на Владата**

Предлог:
Иницијатива за ослободување од плаќање патарини за електрични и хибридни возила во Р.Македонија

НВО Електромобилност Македонија како единствена регистрирана граѓанска организација во Република Македонија која со своите активности делува во насока на промовирање на електрични и хибридни возила поради бројните бенефиции за општеството, бара од Владата на Република Македонија да овозможи прифаќање на ваквата иницијатива што ќе допринесе за поддршка на идејата да се овозможи полесен пристап на електричните и хибридни возила до граѓаните.

НВО Електромобилност бара од Владата на Република Македонија како надлежно Министерство за постапување за ослободување од плаќање патарина да ја спроведе иницијативата и да им овозможи на граѓаните и правните субјекти кои користат или во иднина ќе набават електрични или хибридни возила **ослободување од плаќање патарина за возила од сите рангови.**

Согласно ваквата иницијатива бараме од Владата во итна постапка да изврши дополнување на Законот за јавните патишта во член 66 и истиот да го достави на усвојување до Собранието на Република Македонија. Дополнувањето во член 66 да се спроведе со нов став кој гласи:

„Од плаќање на патарина се ослободуваат сите електрични и приклучни хибридни возила во сопственост на граѓани на Р.Македонија и сите оние кои што транзитираат низ Р.Македонија".

Прифаќањето на ваквата иницијатива од страна на Владата на Р.Македонија ќе се даде дополнителен допринос во стимулирање на населението за замена на традиционалните возила со возила базирани на „зелени" технологии што ќе значи сериозен чекор кон промоција на е-мобилноста во Р.Македонија и испраќање на јасна порака за поддршка на напорите на Европската Унија кон промовирање на намалувањето на $CO_2$ во воздухот и заштита на животната средина.

Покрај прифаќањето на ваквата иницијатива се надеваме дека Владата на Р.Македонија во скоро време ќе спроведе сериозни чекори кон мотивирање на граѓаните на Македонија за набавка и користење на електричните возила, преку овозможување на конкретни субвенции при набавка на е-возила од различни рангови, намалување на увозните давачки при увоз на е-возила, бесплатни паркинзи на територијата на целата држава, помали трошоци при регистрација и сл. Ваквите и многу други предлози веќе беа доставени до Генералниот Секретаријат на Р.Македонија (Одделение за соработка со невладини организации) во септември 2017 година во насока на Предлог политики во подготвување на Програмата за работа на Владата на Р.Македонија за 2018 година.

Здружението на граѓани Електромобилност Македонија стои на располагање на Владата во процесот на спроведување на инцијативи и проекти поврзани со промоција на електромобилноста (електричен транспорт) во насока на подигнување на свесноста и перцепцијата на граѓаните кон новите трендови во мобилноста кои нудат значајни бенефиции за општеството и животната средина.

Со почит,

07.09.2018 г.

подносител
Здружение на граѓани
Електромобилност Македонија